ЈАВНА ЗДРАВСТВЕНА УСТАНОВА
УНИВЕРЗИТЕТСКА КЛИНИКА ЗА ДЕРМАТОЛОГИЈА
INSTITUCIONI PUBLIK SHËNDETËSOR
KLINIKA UNIVERSITARE PËR DERMATOLOGJI
Бр.-Nr. 05-449/16
05.09.2025 год.-viti
СКОПЈЕ SHKUP

Друштво за производство,трговија,посредување и услуги
БАПАЛ Благој ДООЕЛ експорт-импорт
Бр. 1042/25
05.09. 2025 год.
СКОПЈЕ

# ДОГОВОР
## за набавка на услуга
## ЧИСТЕЊЕ НА РАБОТНИ ПРОСТОРИИ ВО ЈЗУ УК ЗА ДЕРМАТОЛОГИЈА - СКОПЈЕ

Склучен на ден _______________ помеѓу:

**1.ЈЗУ УНИВЕРЗИТЕТСКА КЛИНИКА ЗА ДЕРМАТОЛОГИЈА - СКОПЈЕ,** со адреса на ул.Мајка Тереза 17,Скопје со даночен број 4030007645580 претставувана од директорот Проф.Д-р Катерина Дамевска како договорен орган во понатамошниот текст, од една страна и

**2. БАПАЛ – Благој ДООЕЛ,Скопје** , ул. Никола Парапунов, бр.Ц-3/1, Карпош, со даночен број 4030993277917 и ЕМБС 4758676 претставуван од директорот Александар Панов како носител на набавката во понатамошниот текст, од друга страна.

### 1. ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

Член 1

Предмет на овој договор е набавка на **услуга - ЧИСТЕЊЕ НА РАБОТНИ ПРОСТОРИИ ВО ЈЗУ УК ЗА ДЕРМАТОЛОГИЈА - СКОПЈЕ** согласно оглас бр. **14930/2025** година и тендерската документација број за потребите на ЈЗУ УНИВЕРЗИТЕТСКА КЛИНИКА ЗА ДЕРМАТОЛОГИЈА.

Договорниот орган нарачува од носителот на набавката да ги изврши услугите согласно понудата, со квалитет и технички карактеристики содржани во спецификацијата, кои се составен дел на документацијата што ја приложи носителот на набавката при давањето на понудата.

Рокот на времетраење на договорот почнува да тече од денот на склучување на договорот и се склучува со времетраење од 1 година .

Договорот важи со денот на негово склучување.

### 2. ЦЕНА И НАЧИН НА ПЛАЌАЊЕ

Член 2

Вкупната цена на договорената јавна набавка за **услуга - ЧИСТЕЊЕ НА РАБОТНИ ПРОСТОРИИ ВО ЈЗУ УК ЗА ДЕРМАТОЛОГИЈА - СКОПЈЕ** изнесува **1.306.056,00** денари за кој договорниот орган е согласен за извршената услуга од член 1 од овој договор да ја плати на носителот на набавката во која цена не е содржан и пресметаниот данок на додадена вредност.

Износот на данокот на додадена вредност изнесува **235.090,08** денари. Данокот на додадена вредност е променлива категорија и ќе зависи од законската регулатива.

Договорниот орган е согласен плаќањето да го изврши вирмански, во рок од 30 дена како месечен паушал од **108.838,00 денари** без ДДВ, со доставување на фактурата до нарачателот на услугата, изготвена по одобрен записник од извршена услуга.

Цените се фиксни за целото времетраење на договорот.

Детален приказ на вкупната цена и техничките карактеристики е даден во следнава листа на цени:

| Опис | Единица мерка | Кол. | Единечна цена без ДДВ | Вкупна **годишна** цена без ДДВ | ДДВ | Вкупна годиша цена со ДДВ |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Одржување на хигиена/чистење на работни простории во објектот на ЈЗУ УНИВЕРЗИТЕТСКА КЛИНИКА ЗА ДЕРМАТОЛОГИЈА - СКОПЈЕ | месец | 12 | 108.838,00 | 1.306.056,00 | 235.090,08 | 1.541.146,08 |
| ВКУПНА ЦЕНА: | | | | **1.306.056,00** | **235.090,08** | **1.541.146,08** |

**3.РОК И НАЧИН НА ИСПОРАКА**

Член 3

Носителот на набавката е должен да го изврши предметот на договорот на следната локација: во објектот на ЈЗУ Универзитетска клиника за дерматологија ,во Клинички Центар Мајка Тереза Скопје. Услугата треба задолжително да се извршува секој ден (од понеделник до сабота) од страна на ангажираните лица согласно условите и барањата од техничката спецификација и тоа:

1. Вкупната површина за тековно одржување на хигиената во објектот на ЈЗУ УК за дерматологија - Скопје во Клинички Центар Мајка Тереза Скопје **изнесува 1498м2** за што е потребно ангажирање **на најмалку 3 вработени минимум 6 часа на ден од понеделик до сабота** .Клиниката работи поголем дел во две смени и дел во трета смена.
2. Квадратурите на ЈЗУ УК за дерматологија - Скопје во Клинички Центар Мајка Тереза Скопје каде секојдневно треба да се одржува хигиената изнесуваат:

- **Болнички дел I - 476 м2**
- **Болнички дел II - 512 м2**
- **Ходник интерни клиники - 90м2**
- **Подрум - 80 м2**
- **Амбулантно поликлинички дел - 340 м2**

**Предметот на набавката ги опфаќа следниве работни обврски:**

3. Носителот на набавката за реализација на набавката задолжително мора да обезбеди:
   - Најмалку 3 извршители со по 36 часа неделно, за квалитетно и навремено одржување на хигиена во објекти на ЈЗУ УК за дерматологија - Скопје.
4. **Работно време: Носителот на набавката е должен секојдневното одржување на хигиена да го врши од понеделник до сабота, со следниот распоред на смени:**
   - **понеделник-петок (14:00-20:00 часот)- 3 хигиеничари**
   - **сабота (07:00-19:00 часот) - 3 хигиеничари**

**Работни обврски за секојдневно чистење на здравствениот простор** (болнички соби, амбуланти, болничка аптека, соби за припрема на терапија), **немедицински простории**

| |
|---|
| (канцеларии, кујна, просторија за дневен престој на персонал, магацини, гардероба за персонал) **и јавни простории** (ходници, чекална, скали) според однапред предвиден план, според болнички протокол за чистење и дезинфекција. |
| Влажно чистење на болнички соби според соодветен протокол во согласност на превенција од интрахоспитални инфекции која вклучува, чистење и дезинфекција на подови, вклучувајќи го просторот под болнички кревет, наткасни, шкафови, грејни тела како и комплетниот болнички инвентар). |
| Влажно чистење на подни површини во здравствени простории (амбуланти, соба за припрема на терапија, болничка аптека) вклучувајќи го просторот под амбулантски кревети, бироа, столови, наткасни, шкафови, грејни тела, дезинфекција на работни површини. |
| Влажно чистење на подни површини во канцелариите на здравствениот персонал и администрацијата, вклучувајќи го просторот под бироа, столови, наткасни, шкафови, грејни тела, дезинфекција на работни површини, бироа, наткасни, компјутери, телефонски и други апарати итн. |
| Влажно чистење на подни површини во чекални, ходници и скали, вклучувајќи го просторот под столови, клупи, огласни табли, грејни тела. |
| Чистење на ѕидни површини, собирање на пајажина, бришење на плочки. |
| Чистење на просторот пред влезната врата на амбулантите и стационарот на Клиниката. |
| Собирање и диспозиција на комунален и медицински отпад во контејнер. |
| Други операции неопходни за сите работните простории, да бидат чисти, проветрени и уредни. |

| **Чистење на болничка соба вклучува** |
|---|
| **Утринско чистење** на болничка соба-болничко место со пациент, без вклучена медицинска опрема, пребришување на подни површини и отстранување на отпад мин.2 (два) пати дневно, а некогасш ако има потреба и повеќе.. |
| **Дневно чистење** на болничка соба после отпуст на пациент. |
| Собирање на комунален и медицински отпад – 4 (четири) пати дневно |
| Исфрлање на отпад надвор од клиниката 2 (два) пати дневно или по потреба |

| **Работни обврски за секојдневно чистење на санитарни јазли (болнички, јавни и персонални)** |
|---|
| Влажно чистење на тоалетите според соодветен протокол во согласност на превенција од интрахоспитални инфекции која вклучува, чистење и дезинфекција на подни и ѕидни површини, вклучувајќи го просторот позади WC школка, под лавабо, под корпи за отпадоци, под грејни тела. |
| Надворешно и внатрешно чистење и дезинфекција на WC школките и бањата за пациенти (три пати во една смена). |
| Чистење и дезинфекција на чешмите и лавабоа (три пати во една смена). |

| |
|---|
| Чистење и дезинфекција на огледала. |
| Празнење на корпите, собирање на отпадоците и исфрлање во контејнер, според потребите |

| |
|---|
| **Работни обврски за месечно (на 30 дена) чистење на здравствениот простор** (болнички соби, амбуланти, болничка аптека, соби за припрема на терапија), **немедицински простории** (канцеларии, кујна, просторија за дневен престој на персонал, магацини, гардероба за персонал) **и јавни простории** (ходници, чекална, скали) и **санитарни јазли,** според однапред предвиден план, според болнички пртокол за чистење и дезинфекција. |
| Машинско чистење и дезинфекција на подни површини. |
| Чистење и дезинфекција на врати (каси, дрвени површини на врати, кваки, стакло). |
| Надворешно чистење и дезинфекција на слики, рамки на слики, утикачи, штекери, мебел (чистење и дезинфекција на дрвенарија со полирање), тешко достапни места кое вклучува светлосни тела, плафони, пајажина. |
| Чистење и дезинфекција на ѕидни и подни плочки (машинско перење и полирање на подни плочки). |
| Темелно надворешно и внатрешно чистење на прозори и нивни профили (достапни и недостапни стаклени површини). |

Со извршување на секојдневните работи од предметот на набавка носителот на набавката не треба да го попречува функционирањето на здравствената установа. Носителот на набавката е должен услугата да ја извршува секојдневно и за тоа да доставува Извештај до договорниот орган.

Дневниот извештај доставен до Клиниката за извршени работни задачи во установата потребно е да биде потпишан од одговорно лице назначено од Клиниката и тоа за секоја смена поединечно, како би се потврдило дека дневните обврски од страна на носителот на набавката се во целост исполнети.

Неделните и месечните извештаи доставени до Клиниката за извршени работни задачи во установата, потребно е да биде потпишани од главната сестра.

1. се обврзува при одржување на хигиената да користи професионални средства за чистење и дезинфекција наменети за употреба во болници, регистрирани во регистарот на хемикалии, односно во регистар на медицински средства
2. се обврзува да обезбеди средствата и материјали за одржување на хигиената за секојдневното чистење и полумесечното чистење.Средствата за одржување на хигиената да бидат без мирис, со висок квалитет, професионални, еколошки и да бидат отпорни на HBS, HCV, HIV и MRSA.
3. мора да обезбеди брендирани работни одела, лична заштитна опрема и обувки за своите работници
4. , треба да обезбеди едуциран и квалификуван персонал за работа и спроведување на хигиена во болница кој ќе биде совесен, одговорен од аспект на доверливост на извршените услуги, како и да умее да почитува професионален однос кон персоналот на Договорниот орган.
5. треба задолжително да обезбеди професионални количка за хигиена во три дела:
    - дел за скалдирање на чист материјал и средства за хигиена и дезинфекција,
    - дел за селектирање мопови и крпи според колор код систем и да се менуваат на секои 10 (десет) дена,

- дел за собирање и селектирање на отпад и употребен материјал.

6. Количките да бидат изработени од висококвалитетна пластика со можност за лесно одржување и дезинфекција.
7. веднаш по склучување на договорот треба да достави Предлог-План за работа во смени согласно наведените потреби и барања. За секое отсуство од вработен во случај на годишен одмор или друг вид на отсуство за период подолг од 3 дена доставува претходно известување со приложување на податоци за лицето кое ќе биде замена. За навременоста и квалитетот на извршената услуга, договорниот орган ќе овласти лице/а за надзор и контрола која ќе се врши веднаш по извршената услуга.
8. се обврзува да изработи листи за евиденција на извршените работни задачи на дневно, неделно и месечно ниво.
9. по склучување на договорот се обврзува за изработка на план за хигиена за дневно, неделно и полумесечно генерално чистење и чек листи за евиденција на извршените услуги во секојдневната работа за сите работни единици во болницата и истите ќе бидат контролирани од страна на супервизор за хигиена и овластено лице назначено од страна на Договорниот орган.

## 4.БАНКАРСКА ГАРАНЦИЈА

Член 4

Носителот на набавката, при склучување на договорот, доставува банкарска гаранција од реномирана банка за навремено и квалитетно извршување на договорот, во износ од 5% од вредноста на договорот со ДДВ со времетрање на банкарската гаранција во рок на склучениот договор.

Доколку носителот на набавката склучи договор со договорниот орган и не ги обезбеди услугите што се предмет на договор, во целост или воопшто не го започне извршувањето на услугата, договорниот орган има право да ја активира банкарската гаранција за извршување на договорот.

## 5. НАЧИН НА ИСПОЛНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Член 5

Договорените страни се согласни да го исполнат договорот на начин предвиден со договорот и позитивните прописи.

Член 6

Доколку договорот неправилно се исполнува или дојде до пречекорување на договорните рокови, како и за други недостатоци, виновната странка е во обврска на другата странка да и ги надомести претрпените штети.

Договорената казна не може да надмине 10% од вкупната цена определена со член 2 на овој договор.

Доколку носителот на набавката не ги извршува во целост или неправилно ги извршува услугите кои се предмет на набавката, договорниот орган има право писмено да се обрати до носителот на набавката да ги отстрани недостатоците во своето работење, односно да ги изврши услугите согласно понудата, со квалитет и технички карактеристики содржани во спецификацијата, кои се составен дел на документацијата што ја приложи носителот на набавката при давањето на понудата.

Доколку после првото писмено известување до носителот на набавката, за неисполнување на услугата која е предмет на овој договор, истиот не го подобри своето работење односно неквалитетно и ненавремено ја извршува договорената услуга, договорниот орган има право да бара раскинување на овој договор поради неисполнување на услугата.

По раскинување на договорот, договорниот орган ќе ја активира банкарската гаранција.

**6. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

Член 7

Овој договор се смета за склучен со денот на неговото потпишување од двете договорени страни.

Договорот може да се раскине пред неговото извршување само договорно од двете страни, под услови предвидени со Законот за обликационони односи.

Ако нешто не е изрично одредено со овој Договор за двете договорени страни важат одредбите од Законот за облигациони односи.

Член 8

Во случај на спор кој не може да се реши договорно помеѓу странките ќе решава надлежниот суд.

Член 9

Овој договор е составен во 6 (шест) еднакви примероци, од кои по 3 (три) за секоја договорна странка.

**Договорни странки**

**ЈЗУ УНИВЕРЗИТЕТСКА КЛИНИКА ЗА ДЕРМАТОЛОГИЈА СКОПЈЕ**

**В.Д. Директор,**

**Проф.Д-р Катерина Дамевска**

**БАПАЛ – Благој дооел Скопје**

**Директор,**

**Александар Панов**

БАПАЛ Благој, ДООЕЛ експорт-импорт Друштво за производство, трговија, посредување и услуги Скопје